Врз основа на член 22 став 1 од Законот за спречување на корупцијата и судирот на интереси („Службен весник на Република Македонија“ бр. 12/19) и член 40 став 3 од Деловникот за работа на Државната комисија за спречување на корупцијата, постапувајќи по предмет оформен по пријава поднесена од познат подносител, Државната комисија за спречување на корупцијата), на 36-та седница одржана на 20.07.2026 година, ја донесе следната:

## О Д Л У К А

Постапката по предметот бр. 12-2499/1 од 20.09.2024 година, оформен по пријава во која се изнесени сомневања за незаконито работење на службени лица од Агенцијата за ---- , **СЕ ЗАПИРА** поради тоа што за предметниот случај веќе постапуваат надлежни државни органи за откривање и гонење на сторители на кривични дела.

Предметот со бр. 12-2499/1 од 20.09.2024 година да се архивира.

Одлуката на ДКСК во деперсонализирана форма да се објави на веб страницата на Државната комисија во рок од 5 (пет) дена од донесувањето.

## О б р а з л о ж е н и е

До Државната комисија за спречување на корупцијата од страна на познат подносител, е поднесена пријава во која се изнесени сомневања за незаконито работење на службени лица од Агенцијата за ---- при одобрувањето на средства од ИПАРД Програмата ---- врз основа на објавениот Јавен повик ---- година од ----година, по поднесено Барање за финансиска подршка бр. ---- од субјектот ДГУТ ---- ДОО увоз-извоз ----, со цел на инвестиција изградба на објект во Општина ----, по која е оформен предмет со бр. 12-2499/1 од 20.09.2024 година.

Државната комисија заради проверка на наводите и утврдување на фактичката состојба достави барање за прибирање информации и податоци до Агенцијата ----.

Во законски утврдениот рок, Агенцијата ги достави бараните информации и документација и истовремено ја извести Државната комисија дека по однос на истото барање за финансиска поддршка од ---- ДОО увоз-извоз Скопје, целокупната документација е доставена по барање на Основното јавно обвинителство Скопје со бр. LII РО.бр. ----, како и по Барање рег. бр. ---- од МВР, СВР Скопје, Единица за економски и компјутерски криминал.

Државната комисија имајќи предвид дека за предметниот случај веќе постапуваат надлежни државни органи за откривање и гонење на сторители на кривични дела, оцени дека нема основ за натамошно постапување по предметот, поради што одлучи како во диспозитивот на одлуката.

**Претседател,**
**Адем Чучуљ**

Изработил: м-р В.З. Виш соработник
Согласен: м-р И.П. Раководител на сектор
Одобрил: С.С.М.Член на ДКСК

**Доставено до:**
- подносителот на пријавата